# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 7/2019
## 24.06.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци, непредвидени работи и исплата на ДДВ за проект ,, Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан- Вешје**

Се објавува **Одлука за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци, непредвидени работи и исплата на ДДВ за проект ,, Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан- Вешје** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/1
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци , непредвидени работи и исплата на ДДВ за проектот ,,Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан -Вешје ,,

### Член 1

Согласно одобреното барање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион за финансиска поддршка за мерка 321-Подобрување на квалитет на животот во руралните средини-развој на јавна инсраструктура во руралните средини, подмерка 1 инвестиции во локална патна инфраструктура ( вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во рурални средини со должина до 5 км, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, за општина Неготино одобрени се средства за инвестицијата за изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан-Вешје во должина од 460м.

### Член 2

Вредноста на инвестицијата обезбедена од страна на Агенцијата за изградба на патниот правец с.Горни Дисан-Вешје изнесува 9.380.932,00 денари без ДДВ.

### Член 3

Врз основа на член 1 од Заклучокот за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци , непредвидени работи и исплата на ДДВ донесен на 30.07.2018 година од Советот за развој на Вардарскиот плански регион, општина Неготино како краен корисник , потребно е да скулучи Договор за соработка при реализација на проектот со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион и да ја превземе обврската за надоместување на вишоци, кусоци , непредвидени работи и исплата на ДДВ.

**Член 4**

Крајниот корисник општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во вкупен износ од 1.794.768,00 денари од кои 90.000,00 денари без ДДВ или 106.200,00 вкупно со ДДВ денари наменети за позиција 2.7( затревување на косини) како неприфалив трошок за Агенцијата и средства во висина од 1.688.568,00 денери за ДДВ на средствата доделени од страна на Агенцијата.

**Член 5**

Средствата за оваа намена ќе се планираат дополнително во буџетот на општина Неготино за 2019 и 2020 година, Програма за Локален Економски Развој, Под- програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти , по основ други трансфери и ќе бидат префрлени на Центарот за развој на Вардарскиот Плански Регион за спроведување на проектот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино ".

бр.08-299/3
21.06.2019 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/2
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Правилник за систематизација на работни места на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино**

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино бр. 0101-190 од 10.06.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-299/4
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за деавање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино**

Се објавува **на Одлука за деавање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/3
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За давање согласност на Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков,, Неготино

Член 1

Се дава согласност на Правилникот бр. 0101-191 од 10.06.2019 година за внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

бр.08-299/5
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино

Се објавува **Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/4
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 131 од Законот за Заштита на децата , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на член на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**

1. Од член на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино се разрешува:

**_ Андов Игор**

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-299/6
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**

Се објавува **Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/5
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 166а од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13...... 198/18 и Сл.весник на РСМ 104/19) и чл. 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за 2019 година**

Член 1

Максималниот износ на вредноста на бодот за давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за периодот 01.06.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“, а ќе се применува od 01.06. 2019 година.

бр.08-299/7
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за прекин на повлекување на средствата во рамки на Проектот за подобрување на општински услуги (МСИП)**

Се објавува **Одлука за прекин на повлекување на средствата во рамки на Проектот за подобрување на општински услуги (МСИП)**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/6
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( сл.в. на РМ бр. 61/04... 47/11) член 4 од Законот за јавен долг ( Сл.весник на РМ бр. 62/05... 139/14) и член 36 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 05/02) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За прекин на повлекувањето на средствата во рамки на Проектот за подобрување на општински услуги ( МСИП)**

1. Општина Неготино го прекинува повлекувањето на средства во износ од 26.027.825,оо денари кој што не е повлечен врз основа на Договор за под-заем бр. МСИП/45 помеѓу Министерството за финансии и општина Неготино, преку Проектот за подобрување на општински услуги на општина Неготино за реализација на под-проект –Реконструкција на водоводна мрежа и изградба на резервоар во Неготино.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-299/8
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за Општина Неготино**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за Општина Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/7
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 8 став 4 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а нелатени обврски („Службен весник на РМ“ бр.209/2018), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за Општина Неготино**

**Член 1**

Извештајот од член 1 став 2 од Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за Општина Неготино број 08-142/18 од 13.03.2019 година покрај поединечните Извештаи за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски за општина Неготино и единката корисник СОУ „Св.Кирил и Методиј“-Неготино се дополнува со Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски кој исто така е составен дел на Одлуката број 08-142/18 од 13.03.2019 година.

Прилог на оваа одлука е Извештајот за **вкупниот** договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Неготино.

бр.08-299/9
21.06.2019 година

Совет на општина Неготино

Претседател

Диме Витанов с.р

**Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски**

| Реден број | Доверител (Назив на доверител) | Вкупен износ на пријавени, доспеани, а неплатени обврски во ЕСПЕО заклучно со 30.09.2018 | Вкупен износ на доспеани, а неплатени обврски (основен долг со камата и други трошоци) со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | Договорен износ за доспеани, а неплатени обврски со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | % на намалување на доспеаните а неплатени обврски | Износ кој ќе се подмири со обезбедените средства како финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5/4*100 | 7 |
| 1 | КА-4 ДООЕЛ Неготино | 158.286 | 158.286 | 134.543 | 15% | 134.543 |
| 2 | Старт Александар Демир Капија | 35.920 | 35.920 | 30.532 | 15% | 30.532 |
| 3 | Модерн Метал Неготино | 15.000 | 15.000 | 12.750 | 15% | 12.750 |
| 4 | Кранго Дооел Неготино | 14.948 | 14.948 | 12.705 | 15% | 12.705 |
| 5 | ЕЛГРАД ГРУП ДООЕЛ | 7.268 | 7.268 | 6.178 | 15% | 6.178 |
| 6 | Олимпус ДООЕЛ Прилеп | 47.250 | 47.250 | 40.166 | 15% | 40.166 |
| 7 | Ситотехника Неготино | 6.080 | 6.080 | 5.168 | 15% | 5.168 |
| 8 | Изолација ДС и други | 5.616.572 | 5.216.572 | 4.694.915 | 10% | 4.694.915 |
| 9 | Стровјанка Неготино | 40.627 | 40.627 | 36.564 | 10% | 36.564 |
| 10 | ИМГД ЕУРОПА | 6.994.758 | 6.794.758 | 6.115.282 | 10% | 6.115.282 |
| 11 | Геос М Скопје | 290.300 | 290.300 | 261.270 | 10% | 261.270 |
| 12 | Коди ком Неготино | 47.108 | 47.108 | 44.753 | 5% | 44.753 |
| 13 | Хидр градежен Инженеринг | 3.707.994 | 3.607.994 | 3.535.834 | 2% | 3.535.834 |
| 14 | Ботрај ДОО Неготино | 29.059 | 29.059 | 28.475 | 2% | 28.475 |
| 15 | ЈП Комуналец Неготино | 13.519.093 | 13.519.093 | 13.383.902 | 1% | 13.332.784 |
| 16 | Алеко Комерц Неготино | 2.687.272 | 2.605.884 | 2.579.825 | 1% | 2.579.825 |
| 17 | Стединг Неготино | 2.841.984 | 2.841.984 | 2.813.564 | 1% | 2.813.564 |
| 18 | ДЕ-КА Демир Капија | 1.833.514 | 1.761.279 | 1.761.279 | 0% | 1.761.279 |
| 19 | ДАЈО ТУРС Неготино | 1.257.843 | 1.122.746 | 1.122.746 | 0% | 1.122.746 |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | 36.569.333 |

Место и датум 21.06.2019

Градоначалник

Број на Одлука на Совет на општина 08-299/9

________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за донесување на ДУП за дел од УБ 9.1 ,,Индустриска Зона,, општина Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на ДУП за дел од УБ 9.1 ,,Индустриска Зона,, општина Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/8
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе,

# О Д Л У К А

ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД УБ 9.1 „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Член 1

Се донесува ДУП за дел од УБ 9.1 „Индустриска зона“ Општина Неготино, според урбанистичка документација изработена од „АРХИКОНС “ ДООЕЛ Кавадарци со технички број 01-03/2015, од мај 2019 година.

Член 2

*Детален урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:*

*-текстуално образложение;*

*-графички прилози според законските одредби;*

*-одредби за реализација на урбанистичка документација;*

*-стручна ревизија на урбанистичката документација;*

*-Согласност број 24-4471/2 од 17.05.2019 година од Министерство за транспорт и врски.*

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-299/10 Совет на Општина Неготино

21.06.2019 Претседател

Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решение за доделување на финансиски средства

Се објавува **Решение за доделување на финансиски средства** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 21.06.2019 година.

Бр.09-309/9
24.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 21.06.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства на

- Илија Ѓорѓиев износ од 10.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-299/11
21.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

**СОДРЖИНА**
**Службен гласник бр. 7/2019**

1. Заклучок за објавување на Одлука за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци, непредвидени работи и исплата на ДДВ 3за проект ,,Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан- Вешје

Стр. 1

2. Одлука за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци, непредвидени работи и исплата на ДДВ 3за проект ,,Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан- Вешје

Стр. 2-3

3. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков Неготино,, Неготино

Стр. 4

4. Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков Неготино,, Неготино

Стр. 5

5.Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино

Стр. 6

6. Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 7

7.Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 8

8. Решение за разрешување на шлен на Надзорниот одбор на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр.9
9. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 10
10 . Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 11
11. Заклучок за објавување на Одлука за прекин на повлекување на средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги ( МТСП) Стр.12
12. Одлука за прекин на повлекување на средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги ( МТСП) Стр.13
13. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за општина Неготино Стр. 14
14. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање за доспеани и неплатени обврски за општина Неготино Стр. 15-16
15. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на ДУП за дел од УБ 9.1 ,,Индустриска Зона,, општина Неготино Стр. 17
16. Одлука за донесување на ДУП за дел од УБ 9.1 ,,Индустриска Зона,, општина Неготино Стр. 18
17. Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиски средства Стр. 19
18. Решение за доделување на финансиски средства Стр. 20